На ден 9.6.2016 година, во Макпетрол А.Д. Скопје е примен допис во кој се наведува дека, се  доставува полномошно, кое се однесува на претходно примениот допис од 8.6.2016 година, насловен како „намера за превземање“.

После разгледување на документацијата се утврди дека, полномошното неможе да се прифати, од причина што во доставениот превод од овластен судски преведувач, заверен кај нотар, се потврдува дека, полномошното е дадено за лицето Васко Митев, а не за лицето Петар Стојановски, кој е потпишан како полномошник на „Балкан Петролеум Холдинг Лимитед“, во дописот насловен како „намера за превземање“.